# КАРПОШ
## неделен Е - БИЛТЕН

**ОПШТИНА КАРПОШ НЕДЕЛЕН Е - БИЛТЕН**
ИЗГОТВУВА: ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ОДНОСИ СО ЈАВНОСТА
15 - 21 јули 2019 Билтен бр. 330

# НОВО ЗЕЛЕНИЛО ДОЛЖ БУЛ. „8 СЕПТЕМВРИ"

Уреден е нов „зелен коридор" долж булеварот „8 Септември", на потегот меѓу булеварите „Партизански одреди" и „Митрополит Теодосиј Гологанов".

Зголемувањето на зеленилото на овој потег го направија екипите на Град Скопје, кои во изминатиов период уредија повеќе јавни зелени површини во различни делови од градот.

Општина Карпош во изминатиот период дополнително ги раззелени и дел од платоата во Карпош како: „Делфина" во Влае 2, кај фонтаната во Карпош 3, платото на Млечен и Педагошка.

Исто така, во текот на пролетта беа засадени 287 нови дрвја во Карпош, во различни урбани заедници, а се работи и на зголемување на видовите на механизација за одржување на јавните површини.

Локалната самоуправа продолжува со интензивните активности за заштита на животната средина.








# БЕЗБЕДНОСТА НА ГРАЃАНИТЕ Е ПРИОРИТЕТ ЗА ОПШТИНА КАРПОШ

Во населбата Карпош 1, претставници од урбаната заедница и од полициската станица „Карпош“ одржаа средба со граѓани. На средбата се разговараше за безбедносните проблеми со кои се соочуваат граѓаните од оваа населба. Карпошани, реагираа на брзото возење со мотори во раните утрински часови, проблемот со паркирањето, како и гласната музика од соседните кафулиња.

Командирот на ПС „Карпош“, Владо Симјановски, нагласи дека полицијата редовно врши контроли, и дека се зачестени казните кон несовесните моторџии. Сепак, проблемот е актуелен, и постојано ќе се работи за негово целосно решавање.

Општина Карпош, како локална самоуправа, соработува со полициската станица, која се наоѓа на нејзината територија, сé со цел да се зголеми безбедноста на карпошани, и преку една интерактивна комуникација, помеѓу Општината, граѓаните и претставниците на полицијата, да се таргетираат проблемите од сферата на безбедноста, и постојано да се работи на решавање на истите.





# ИЗВЕДБА НА НОВ ПАРКИНГ ПРОСТОР НА УЛ. „ВАРШАВСКА" ВО ТАФТАЛИЏЕ 1



Општина Карпош започна со реализација на нов паркинг простор на улицата „Варшавска“ бр. 4, во Тафталиџе 1. Станува збор за површина која повеќе години беше руинирана и граѓаните беа принудени да паркираат во кал и прашина.

Со асфалтирањето на овој простор, ќе се спречи и дополнително загадување на населбата.

Исто така, во текот на летниот период локалната самоуправа ќе изврши и целосна реконструкција на улицата „Варшавска“, на потегот од кружниот тек кај гимназијата „Георги Димитров“ до бул. „8 Септември“.

Апелираме до сите граѓани кои живеат во овој дел од Карпош, во текот на наредните денови своите возила да ги паркираат на друга локација, со цел непречено и навремено завршување на градежните активности за изведба на паркинг просторот.







# УРЕДУВАЊЕ НА ПОСТОЕЧКОТО И НОВО ЗЕЛЕНИЛО ВО КАРПОШ 4

Се уредува зелениот агол меѓу ул. „Љубљанска“ и бул. „Партизански одреди“, во Карпош 4. На површина од 5.300 метри квадратни, се поставува нова тревна површина, украсни грмушки и растенија, со цел да се зголеми и оплемени зеленилото во овој дел од Општината.

За одржување на постоечкото и новото зеленило, ќе се постави и нов систем за наводнување. Изведбените активности за уредување на овој јавен простор се предвидуваа да траат 30 дена (во зависност од временските услови).

Оваа акција за зголемување на зеленилото ја спроведува ЈП Паркови и зеленило, а е во рамки на акцијата за уредување на повеќе јавни површини на пофреквентни локации.

Исто така, локалната самоуправа иницираше да бидат дислоцирани и времените објекти (трафиките) кои се наоѓаат во оваа близина.

Во изминатиот период беше поставен и нов зелен појас на потегот долж булеварот „8 Септември“.

Овие активности за уредување на повеќе запуштени јавни површини беа најавени на почетокот на месец април, а претставуваат и стратешка определба на Општината, во борбата за заштита на животната средина и надоместување на изгубеното зеленило.





# ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОР НА „СИДРО" НОВ НАЧИН НА СЕЛЕКЦИЈА НА ОТПАДОТ

Двата рибни ресторани „Сидро“, кои се наоѓаат во Карпош 3 и во УЗ Владо Тасевски (кај „Млечен“), беа задолжени да постават посебни садови за собирање на комунален отпад и селектирање на остатоците од храна. Како резултат на непријатната миризба, неправилното одлагање на отпадот и реакциите од граѓаните, инспекциските служби на Општина Карпош заедно со Инспекторатот на Град Скопје, извршија вонреден инспекциски надзор.

Досега, двата рибни ресторани ги фрлале остатоците од храна во контејнерите наменети за комунален отпад. По интервенција на инспекторите од локалната самоуправа и Град Скопје, угостителскиот субјект „Сидро“, склучи договор со овластена фирма за одлагање на отпад во посебни пластични канти, наменети за таков вид на прехранбени остатоци.

Во изминатиот период, инспекциските служби при Општината во повеќе наврати беа во контрола на ресторанот, кој доби и задолжение да изготви Елаборат за животна средина. Општина Карпош продолжува со сите капацитети да работи на контрола на работата на угостителските објекти, делови од нивното работење, за кои локалната самоуправа има надлежност.

# СРЕДБИТЕ НА КАРПОШАНИ СО ПОЛИЦИЈАТА ПРОДОЛЖИЈА ВО ВЛАЕ

На плоштадот „ Делфина“, во населбата Влае, се одржа средба на граѓани со претставници од Министерството за внатрешни работи, од Секторот за превенција за кражби. На средбата присуствуваа претставници од урбаните заедници „ Влае 1“ и „ Влае 2“, како и од општинската администрација. Членот на Советот на Општина Карпош Елена Антониевиќ, им се заблагодари за присуството на граѓаните од нејзино име, и од името на градоначалникот на Општина Карпош Стефан Богоев.

Целта на овие средби е да се разговара за проблемите со кои се соочуваат граѓаните во своите урбани и месни заедници од аспект на безбедноста и превенирање на кражбите. Како што нагласија и претствниците од МВР, во летниот период, кога граѓаните се на летни одмори, кражбите се позачестени, но затоа и припадниците на полицијата се подготвени за превенирање на истите, или пак разоткривање на сторителите.

Овие интерактивни средби ќе продолжат и во наредниот период, бидејќи преку истите се разговара за проблемите со кои се соочуваат карпошани, се детектираат најгорливите прашања, и се даваат сугестии за нивно превенирање, односно изнаоѓање на решенија за истите.

